**ВАЖНО – КАРТИЧКА ЗА ПАЦИЕНТОТ**
**МЕТОТРЕКСАТ РЕМЕДИКА (methotrexate) 2,5 mg филм-обложена таблета**
**Носете ја оваа картичка со Вас во секое време**

**ОВАА КАРТИЧКА ЗА ПАЦИЕНТ Е НАМЕНЕТА САМО ЗА ПАЦИЕНТИ КОИ УПОТРЕБУВААТ ЛЕК ШТО СОДРЖИ МЕТОТРЕКСАТ ЗА РЕВМАТОИДЕН АРТРИТИС И ПСОРИЈАЗА.**
**ДОКОЛКУ УПОТРЕБУВАТЕ МЕТОТРЕКСАТ ЗА ЕДНА ОД ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ИНДИКАЦИИ, ТРЕБА ДА УПОТРЕБУВАТЕ МЕТОТРЕКСАТ САМО ЕДНАШ НЕДЕЛНО**
Напишете го овде целосно денот од неделата кога употребувате метотрексат: _______________

Не земајте повеќе од препишаната доза. Предозирањето може да доведе до сериозни несакани дејства и може да биде фатално. Симптомите на предозирање се на пр. болно грло, треска, чиреви во устата, дијареја, повраќање, осип на кожата, крварење или невообичаена слабост. Ако мислите дека сте земале повеќе од препишаната доза, веднаш консултирајте се со лекар. Овој лек Ви е препишан од лекар стручен за употребата на метотрексат. Секогаш покажувајте ја оваа картичка на здравствените работници кои не се запознаени со Вашиот третман со метотрексат за да ги известите за Вашата употреба на метотрексат еднаш неделно (на пр. при прием во болница, промена во лекувањето). За повеќе информации, прочитајте го упатството за пациентот кое се наоѓа (вметнато) во пакувањето.